**БАРАЊЕ**

**ЗА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**

# ПОДНОСИТЕЛ:
# Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе
# (АПЛИКАЦИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ДОЗВОЛА)



Место: с.Долно Црнилиште, Свети Николе

2025

## СОДРЖИНА

## СОДРЖИНА


I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ..........................................................................................7

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ...................................................................8

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА..............................................................................16

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА.......................................................................22

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД.......................................................................................24

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА..............................................................................27

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА......................................32

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА..........................................................................................34

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ....................................................35

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ.........................................36

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ…….........…38

XII. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН...........................................................................................43

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ............................46

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ..................................52

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ.......................................................................54

XVI. ИЗЈАВА...............................................................................................................58

XVII.ПРИЛОЗИ............................................................................................................59

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/151420240002563

Датум и време: 30.12.2024 г. 10:37

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6477259 |
| **Назив:** | Друштво за техничко испитување,контрола и анализа ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА ДОО Неготино |
| **Седиште:** | ЖЕЛЕЗНИЧКА бр.8 НЕГОТИНО, НЕГОТИНО |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.20 - Техничко испитување и анализа |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | -Сертификат за акредитација МКЦ ЕНИСО/ИЕЦ 17020:2006 Тип А<br>- Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на електроенергетски постројки, електрични производи и уреди,<br>- Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на опрема и заштитни системи за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери,<br>Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на дигалки, транспортери и вилушкари,<br>- Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема,<br>- Овлатување за вршење на оцена на сообразност за поединечна верификација на рударска опрема, сите видови на кранови и дигалки, индустриски транспортери и вилушкари,<br>- Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на лифтови и транспортери,<br>- Овластување за вршење на оцена на сообразност на лифтови,<br>- Овластување за вршење технички преглед и периодични |

Број: 0809-50/151420240002563 Страна 1 од 2

| | |
|---|---|
| | испитувања на опрема под притисок,<br>- Овластување за периодични испитувања за пренослива опрема под притисок,<br>- Сертификат за акредитација МКЦ ЕНИСО/ИЕЦ 1702О:2012 Тип А<br>- Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија,<br>-Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа Проценка на ризик,<br>-Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - Концепт изјава за безбедност<br>-Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа- Изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата<br>-Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа- Редовно тестирање и контрола на опрема за работа<br>-Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - Вршење на периодични мерења за физички штетности и микроклиматски услови во работната средина |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** **Овластено лице:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА ГЕВГЕЛИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА КАВАДАРЦИ

Број: 0809-50/151420240002563

Страна 2 од 2

# РЕШЕНИЕ

за одредување на одговорен проектант за
изработка на проектна документација од инженерство за животна средина

Се одредува за одговорен проектант Соња Ангелевска Колева (со Овластување бр.7.0239) за изработка на проектна документација од инженерство за животна средина.

Именуваниот е должен при изработка на проектната документација да се придржува до постојните и најновите технички прописи и стандарди.

ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Неготино
Управител

Изработил:

Соња А.Колева дипл.ел.тех.инж.

Потпис: ____________________

Позиција во правното лице: Електротехнички Инженер

Печат:

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ИНЖЕНЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

на

## СОЊА АНГЕЛЕВСКА КОЛЕВА

дипломиран електротехнички инженер ( NQF $VII_1$ )

со подмирување на членарината за секоја тековна година
овластувањето важи до 05.08.2025 год.

Број: **7.0239**

Издадено на: 06.08.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Име на компанијата[1] | Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе |
| Правен статус | ДООЕЛ |
| Сопственост на компанијата | Приватна |
| Соптвеност на земјиштето | КП бр. 4209 дел 3 на КО Црнилиште Свети Николе |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата) | Ул. 1 бр.15 Мралино<br>Населено место без уличен систем Долно Црнилиште Свети Николе |
| Број на вработени | 2 |
| Овластен претставник | Дарко Петковски |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2] | Прилог 2<br>6. Останати активности<br>6.6.Инсталации за интензивно живинарство или за свињарство со капацитет од:<br>(б) 100 до 2.000 места за гоење свињи (над 30 кг) |
| Проектиран капацитет | 1800 свињи годишно |
| Контакти: | 076/204-124 |

### I.I Вид на барањето[3]

*Обележете го соодветниот дел*

| | |
|---|---|
| Нова Инсталација | / |
| Постоечка инсталација | √ |
| Значителна измена на постоечката инсталација | / |
| Престанок со работа | / |

---

1 Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата

2 Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означишифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.

3 Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

## I.II Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола

| | |
|---|---|
| Име на единицата на локална самоуправа | Општина Свети Николе |
| Адреса | Плоштад Илинден бб, 2220 Свети Николе |
| Телефон | 032 444 169 |
| E-mail: | info@svetinikole.gov.mk |

## II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

*Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).*

| ОДГОВОР |
|---|

### II.I. Опис на инсталацијата:

***Општи податоци***

Постројката на која се врши дејноста на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе е лоцирана во јужниот дел на територијата на Општина Свети Николе, јужно од самиот град Свети Николе, а од десната страна на Светиниколска Река. Дејноста на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе е одгледување на свињи. Инсталацијата за интезивно свињарство во с.Долно Црнилиште Свети Николе, преставува фарма за одгледување на свињи, за производство на гоеници. Свињарската фарма е основана во 2016 година на Катастарска парцела број 4209/3, во Катастарска општина Црнилиште, Свети Николе на земјиште во сопственост на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, што се води како Имотен лист број 3918, со вкупна површина од 1976 м2, во објекти во сопственост на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, што се води како Имотен лист број 3918, со вкупна површина под објекти 1976 м2.

Од аспект на комуникациска поврзаност, инсталацијата има одлични услови, бидејќи до истиот постои пристапен пат. Површината на локацијата зафаќа 1976 $m^2$. Инсталацијата се наоѓа надвор од населено место и во опкружувањето нема други индустриски капацитети. Во близина на локалитетот нема здравствени, социјални и образовни дејности. Локацијата граничи со земјоделски обработливи површини и е на околу 8,3 км оддалеченост од населеното место Свети Николе.



*Приказ на локацијата на инсталацијат на*
*МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе*

Технологијата, која се применува во одгледувањето на свињи е пропишана според упатствата на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, катедрата за свињарство, со кој е воспоставена постојана соработка.
Одгледувањето на свињи претставува затворен тип на одгледување, со заокружен процес од: гоење на свињи (свињи за колење).
Во рамките на Фармата за одгледување на свињи се наоѓаат повеќе објекти, диференцирани според заокружена намена и тоа:
-Хала 1 и  Хала 2 за гоење на свињи,
Покрај овие, на Фармата се наоѓаат и други објекти во функција на извршување на активностите, како што се:
-Млин, силоси, помали силоси до објектите, настрешница, јама гробница, базени, собирна јама за отпадна вода,
Како пратечки објекти на фармата се:
- Објект за вработени.

## II.II Опис на дејноста

Дејноста на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе е одгледување на свињи. Фармата за одгледување на свињи, во првобитна состојба е изградена во изминатиот период, но во целиот период до денес, се вршат одредени инвестициони зафати, во правец на подобрување на условите за одгледување на свињите.
Техничкиот (инсталиран) капацитет на Фармата за одгледување на свињи е: 1800

гоеници годишно производство.
Фармата за интензивно свињарство се наоѓа во атарот и непосредна близина на населеното место Долно Црнилиште, Свети Николе. Центарот на Инсталацијата, според Националниот координатен систем се наоѓа на Исток: $41^{0}$48'39,55"N и на Север: $21^{0}$58'15,58"E на надморска височина од 320 метри.
Операторот во рамките на сопствена Програма, а во функција на одгледување само на свињи за гоење, сите објекти од Комплексот ги става во функција, според соодветна динамика.
Целиот систем во целина ќе ги задоволува потребите на фармата.
Површината на која се лоцирани градежните објекти на Фармата е целосно оградена со што е онемозвожено неконтролирано влегување на луѓе и други животни.
Влегувањето на луѓе и возила е строго контролирано, при што возилата (дотур на добиточна храна) поминуваат преку дезобариера (бетонско корито наполнето со средство за дезинфекција), а луѓето поминуваат преку сунѓер, натопен со средство за дезинфекција и заштитен со жичано плетиво.
Луѓето, кои влегуваат во фармата мора да ги измијат рацете со средство за дезинфекција, согласно утврдената Добра производна пракса.
Отпадните води од изѓубрувањето и водата од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи се одведува во собирна јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа. Одгледувањето на свињи вклучува поголем број на активности меѓу кои поважни се следниве:
- припрема на објектите за одгледување,
- обезбедување на амбиент во објектите за одгледување на свињи,
- хранење и напојување на свињите,
- заштита на стато,
- изѓубрување,
- постапка со умрените животни,
- постапка со гоеници.

**Припрема на објектите за одгледување,**

Објектите наменети за одгледување на свињи, веднаш по иселувањето на животните од нив се припремаат за прием и престој на нова категорија на животни, заради нивна максимална заштита и остварување на бараните резултати.
Пред се, тоа се однесува на спроведување на пропишаните хигиено-санитарни мерки, и тоа:
**-**Механичко чистење на површините во објектите (подови, зидови) и инсталираната опрема (боксови, транспортни системи за хранење, хранилки, поилки итн.),
**-**Миење на површините и опремата со вода и

**- Обезбедување на амбиент во објектите за одгледување на свињи**

Објектите за сместување на свињите, треба да се обезбедат нормални услови за живот и продукција на свињите, што значи треба да се створи оптимална застапеност на микроклиматските фактори, пред се температурата и влажноста на воздухот.

**Хранење и напојување на свињите**

За свињите, основна храна преставуваат концентрираните смески, посебно ако се припремени на индустриски начин. Составот на смеските е избалансиран според

потребите од хранливи материи, за секоја категорија на свињи посебно.
Свињарската фарма, со концентрати се снабдува од Фабрики за добиточна храна.
Во однос на начинот на исхрана, на фармата се применува автоматско хранење и рачно хранење, што зависи од категоријата на свињи, односно фазата на одгледување.

**Заштита на стадо**

Во фармата се спроведуваат соодветни постапки за заштита на стадото.
Сите активности поврзани со заштитата на стадото се вршат од страна на стручно лице, доктор по ветеринарна медицина.

**Изѓубрување**

За исфрлање (евакуација) на ѓубривото од објектите се применува системот на тн. течно изѓубрување со дисконтинуирано истекување на ѓубривото, што подразбира собирање на ѓубривото во каналите во текот на повеќе денови и негово повремено празнење преку преграда (клапна-засун), поставена на крајот од каналот.
Отпадните води од објектите во кои се спроведува течно изѓубрување, се одведуваат во собирната јама за отпадни води, преку подземен канализационен систем, а понатака отпадните води се транспортираат и одлагаат во земјани јами каде се врши декантација (одвојување на цврстата од течната фракција) и биодеградација на органските материи по природен пат.
Ѓубривото од објектите-прасилишта најнапред се собира во посебни бетонски базени, кои се лоцирани во продолжение на објектите, при што се врши декантација на ѓубривото (одвојување на цврстата од течната фракција), а потоа течната фракција се одведува преку постојниот подземен канализационен систем, а заостанатата цврста фракција, (цврсто ѓубриво), повремено се црпи од базените и се одлага на локација, определена за таа намена.

**Постапка со умрените животни**

Во процесот на одгледување се јавува одреден процент на умрени животни, воглавно поради технолошка смртност, кој е различен во поединечните фази на одгледување.
Во објектите секојдневно се врши контрола на умрени животни, а умрените животни се изнесуваат надвор од објектот, од страна на вработените на фармата.
Труповите се закопуваат во земјана јама, која е лоцирана во кругот на фармата, во која труповите се третират со вар, а потоа се затрупуваат со слој на земја. Оваа постапка е во согласност со Законот за нус производи од животни, доколку на фармата се спроведуваат начелата на Добра Фармерска и Добра Хигиенска Практика.

**Постапка со гоеници**

По завршениот процес на гоење, при што свињите достигнуваат маса од околу 100 кг жива мера, животните се изнесуваат од гоилиштата и се тераат до утоварната рампа, преку која се товараат во возила, се мерат на колската вага и се транспортираат до определените кланици, за нивно колење. Со оваа фаза се заокружува технолошката постапка на фармата за одгледување на свињи.



*Приказ на одглдување на свињи*

Технологијата на одгледување на свињи во свињарската фарма е така концептирана што претставува заокружена производна целина за производство на гоеници. Прасињата се увезуваат од Данска и се носат во објектите за одгледување-одгледувалишта, каде се сместуваат во групни кафези. Одгледувањето во кафезите трае од 50 до 55 дена, при што прасињата постигнуваат просечна маса по прасе од 25 кг, а потоа се носат во објектите за гоење-гоилишта.
Во гоилиштата, прасињата се гојат од 100 до 110 дена, при што постигнуваат просечна маса по гоеник од 100 кг, а потоа се носат во кланица на колење.

**II.III Опис на локацијата**

Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе е лоцирана во јужниот дел на територијата на Општина Свети Николе, јужно од самиот град Свети Николе, а од десната страна на Светиниколска Река. Фармата за интензивно свињарство се наоѓа во атарот и непосредна близина на населеното место Долно Црнилиште, Свети Николе. Центарот на Инсталацијата, според Националниот координатен систем се наоѓа на Исток: 41$^{0}$48'39,55"N и на Север: 21$^{0}$58'15,58"E на надморска височина од 320 метри. Инсталацијата се наоѓа надвор од населено место и во опкружувањето нема други индустриски капацитети. Во близина на локалитетот нема здравствени, социјални и образовни дејности. Локацијата граничи со

земјоделски обработливи површини и е на околу 8,3 км оддалеченост од населеното место Свети Николе.
Локацијата на инсталацијата од сите страни на објектот граничи со земјоделско обработлива и необработлива површина. Објектот се состои од технологија на одгледување на свињи во свињарска фарма, што инсталацијата ја класифицира во инсталација за која е потребно добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола. Електрична енергија користи од електроенергетскиот систем на Р.С.М.

### II.IV Опис на технолошки процес

Инсталацијата, изградена е надвор од населените места, на многу соодветно растојание, поточно фармата за интензивно свињарство се наоѓа во атарот и непосредна близина на населеното место Долно Црнилиште, Свети Николе. Инсталацијата се наоѓа надвор од населено место и во опкружувањето нема други индустриски капацитети. Во близина на локалитетот нема здравствени, социјални и образовни дејности. Локацијата граничи со земјоделски обработливи површини и е на околу 8,3 км оддалеченост од населеното место Свети Николе. Сите суровини употребени во припремата на добиточната храна претходно се проверени и не предизвикуваат штетно влијание врз животната средина, а при нивниот избор се води сметка да имаат што помала содржина на контаминанти, така што би генерирале незначителни емисии во животната средина. Самата природа на процесот на одгледувањето на свињи користи суровини кои се био разградливи и на база на природни суровини така што не постои опасност од штетно влијание врз животната средина. Технологијата на одгледување на свињи во Фармата е така концептирана што претставува заокружена производна целина за производство на гоеници, и нема загадување на животната средина, над дозволените концентрации и количества.

Во објектите на Фармата е инсталирана опрема за одгледување на свињи во согласност со Добрата Производна Пракса, а фармата располага и со друга опрема во функција на остварување на нејзините активности (системи за хранење, напојување, проветрување, греење и др.). Опремата за одгледување на свињите воглавно се состои од метални боксови (индивидуални и групни), изработени до поцинкувани профили, кафези за прасиња, изработени од поцинкувана жица, хранилки и поилки, поврзани со линиите за автоматско хранење и напојување.

За обезбедување на добар амбиент во објектите за одгледување на свињите, инсталиран се електрични калорифери, во објектите за прасење и одгледување. Снабдувањето со вода за пиење и водење на технолошкиот процес на фармата се врши преку селскиот водовод на месната заедница .

Во фармата се врши тн. течно изѓубрување, односно ѓубривото (фецес, урина и вода) од објектите за одгледување на свињи се исфрла со помош на притисокот што го создава течната маса, собрана во каналите за собирање на отпадните води.

Отпадните води од објектите, се одведуваат во собирна јама за отпадни води, преку подземен канализационен систем, а понатака отпадните води се транспортираат и депонираат во земјани базени (јами), каде се врши декантација (одвојување на цврстиот од течниот дел) и биодеградација на органските материи по природен пат.

Течниот дел се префрла од една во друга лагуна до прифатливо бистрење, а по

целосното заситување на некоја од земјаните јами, наменети за таложење на цврстата фракција.

Во објектите за одгледување, секојдневно се врши контрола на умрени животни, а умрените животни се изнесуваат надвор од објектите и се закопуваат во земјана јама, надвор од оградата на фармата, а во границите на Инсталацијата.

## II.IV.I Технолошки процес на производство и користена опрема

Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе располага со следната опрема:

| Ред.бр | Опрема |
|---|---|
| 1 | Млин |
| 2 | Трактор |
| 3 | Вага |
| 4 | Дезинфикациона бариера |
| 5 | Калорифери |

Целокупниот производствен процес како основно енергетско средство користи електрична енергија, со што се избегнати ризиците на загадување на надворешната средина со гасови од согорување на цврсто или течно гориво.

Водоснабдувањето со вода за пиење на инсталацијата е обезбедена преку месната заедница на селото и ја корсти водата од водоводната мрежа с.Црнилиште, Свети Николе. Инсталацијата Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе со електрична енергија се снабдува од електрична мрежа на ЕВН Македонија. За одвивање на технолошкиот процес свињарската фарма МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе во 2024 година има потрошено околу 4.288 kWh годишно електрична енергија. Електричната енергија се употребува за: - одвивање на целокупниот технолошки процес; - осветлување на просториите и просторот. Внатрешно предвидените површини во потполност ги задоволуваат потребите со оглед на намената на градбата за инсталацијата. Количество на вода што се планира односно се користи при вршењето на дејноста или активноста изразено на годишно ниво. МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе се снабдува со вода од водовдна мрежа на селото Црнилиште. Водата во објектот се користи за:

-санитарна вода за тоалетите

-одржување хигиена на објектот

Просечната годишна потрошувачка на вода во објектот изнесува околу 180 $m^3$.

За потребите на инсталацијата,

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

*Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.*

Операторот има сопствени политики за квалитет процедури и упатства каде се дефинирани и неопходни мерки за соодветно управување со животната средина.

| ОДГОВОР |
|---|

Заради зачувување, и рационално и одржливо користење на природните богатства, Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, во целост ја прифаќа политиката во животната средина, со цел усогласување на економските интереси и обезбедување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Согласно ваквата поставеност, операторот се стреми да применува системи и процедури за управување, кои ќе спречат дејствија што претставуваат опасност за човековото здравје и животната средина, а со што се минимизира ризикот, се заштитуваат вработените и локалното население.

Имајќи ја предвид законската регулатива од сверата на животната средина, а заради спроведување на политиката и контролата во таа област, операторот подготви цел систем на обврски, почнувајќи од програмите и организационите шеми на работа, па се до воведување на нови технологии и оперативни процедури.

Активностите поврзани со заштита на животната средина, ја следат Политиката на Друштво за производство, трговија и услуги МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, во однос на заштитата на животната средина и респектот кон окружувањето.

Оваа Политика се базира на знаењето и свесноста на секој вработен, тимската работа, чувството на одговорност и професионална компетентност.

Организационата структура, и сите важечки изјави во врска со политиката на управувањето со животната средина дадени се во Прилог.

МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе работи непрекинато 8 часа на ден, шест дена во неделата, со 2 вработени директно во Инсталацијата.

Управителот на Друштвото и раководител на подружницата ја спроведува политиката за животна средина и одговара пред државата во име на МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе.

Секој од раководителите, по своите функции одговара пред Управителот за аспектите на животната средина како и за перформансите на Инсталацијата.

Управителот определува претставник т.е. Одговорен за заштита на животната средина кој ги има сите одговорности во врска со животната средина, се грижи за обука на вработените од областа на заштитата и грижата за животната средина.

Во МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница

СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, вработените се обучени, оспособени, со соодветна квалификација, за стручно и безбедно извршување на работните задачи. За секое работно место постои опис и попис на работите и работните задачи во кој врз регуларна основа и во соработка со Управителот, точно е даден описот на сите работни задачи за секое работно место. Работниците се распоредуваат според одобрена Систематизација на МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе.

На работниците, согласно законот, се врши контрола на оспособеноста, при промена на работно место, воведување на нови техники при работа или некоја друга промена во работењето.

Новите вработувања се извршуваат согласно призната и потврдена методологија, специфично за секое работно место. Секој нововработен се насочува на задолжително обука за извршување на својата работа, и се запознава со опасностите и штетностите во работната и животната средина и мерките за безбедно извршување на работните задачи.

Во Прилог, покрај останатите информации ќе бидат вклучени Политиката за квалитет, и Политиката за Животната средина.

Со изработка на План за управување со Животната средина се опфаќаат сите барања и стандарди, анализи на мерења и оценка на влијанието врз животната средина. Оваа програма е составен дел од годишниот план за работа на Друштвото.

Особено внимание во Планот е посветено на:

-определување и разграничување на одговорностите во врска со аспектите;
-идентификација, оценка и управување со значајните аспекти;
-усогласување со законските и други барања апликативни за спроведување на политиката за животна средина, одредување на цели и таргети;
-план за континуирано унапредување, заради постигнување на целите и таргетите;
-оперативна контрола за да се минимизира влијанието на значајните аспекти;
-превентивен програм за одржување на одредена постројка или опрема;
-план за итни ситуации и превенција од истите;
-мониторинг и мерења, мониторинг и системи за контрола, интерна проверка;
-обука и преквалификација;
-комуникација и известување за инцидентни или места на неусогласеност;
-корективни акции и анализи на неусогласеноста;
-преглед и известување за перформансите за животната средина;
-контрола на документи и податоци.

Согласно Планот и програмата за управување со животната средина ќе бидат определени и доделени задачи соодветно на секој од раководителите со цел да се постигнат целите зацртани во Политиката за животната средина.

**Управување и контрола преку спроведување на надлежностите од законската регулатива -** Новата законска регулатива од сверата на животната средина, ги регулира прашањата на управувањето и контролата на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина.

Законот за животната средина, како рамковен закон, воведува нови механизми, особено во влијанијата врз животната средина и мониторингот.

Секторските закони за одделните медиуми и области на животната средина:

Закон за уравување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух, Закон за заштита од бучава во животната средина, ги уредуваат посебните прашања од тие области.

**Информации за преземање мерки за перформансите на животната средина -** Заради преземање мерки за перфомансите на животната средина, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, ќе врши интерен мониторинг на изворите на емисија кои се како резултат на вршењето на активностите, како и мониторинг на имисиите, односно, редовно ќе ги следи емисиите во непосредна близина на изворите на емисија, и податоците, ќе ги доставува до надлежниот орган на општината.

Надлежниот орган, редовно ќе биде известуван за резултатите од мониторингот, спроведуван согласно задолжителните услови, по добивањето на Интегрирана еколошка дозвола.

**Обука и квалификации на вклучениот персонал -** Во МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, сериозно се посветува внимание на обуката и квалификациите на вклучениот персонал, што е обезбедено преку структурата на управувањето, како и во сите акти на ниво на Друштвото, а особено преку:

-Секој работник има право да го усовршува своето знаење, способност и работна вештина, а заради поуспешно обавување на доверените работи и работни задачи.

-Преку непосредна работа во Инсталацијата, се врши и едукација на вработените за идентификување на изворите на загадување во процесите на производство, при што се доаѓа и до профитабилни решенија.

-Преку тренинг на работниците во фирмата, се обезбедува база и методи за контролиран развој на производниот процес, и се обезбедува повратен ефект за доверба на фирмата, со што се нагласува повеќекратниот ефект во работата на Инсталацијата, како нов концепт за имплементирање.

- Се почитуваат предностите во превентивната заштита, и се охрабруваат вработените во активностите за избегнување на загадувањата, во стартот, со оптимализација на користењето на природните извори, особено водата и енергијата.

- Со обука и квалификација на вклучениот персонал, се демонстрира имплементација на искуства од економијата, алтернативните технологии, превенцијата од загадување, и заштеда на суровините преку мерки за редукција на репроматеријалите кои ја загадуваат животната средина, а генерираат економски заштеди, преку постепено променување на технологијата.

- Се пратат најновите сознанија постигнати на полето на технолошкиот развој, квалитетот и се врши нивна апликација во технолошкиот процес.

- Се пратат нови производи, нови технолошки решенија, а заради подобрување на квалитетот на постоечките производи, без нарушување на квалитетот.

- Се врши набавка на стручна литература, корисна за работата и развојот на Друштвото.

- Се пратат сите прописи и се врши нивна ефикасна и доследна примена во Друштвото.

- Лицата вработени во системот, учествуваат во подготовката на Внатрешниот план за вонредни состојби, со што ќе се овозможи негово беспрекорно спроведување.

**Програма за управување со животната средина -** МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, со цел зачувување, рационално и одржливо користење на природните богатства, во целост ја прифаќа политиката во животната средина, а заради усогласување на економските интереси со животната средина и обезбедување висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето, без притоа да се загрозат правата на идните генерации, да ги задоволуваат своите потреби.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места, потенцирано е управувањето со животната средина, како на ниво на организационите целини, така и на ниво на секое работно место. При тоа, Програмата за управување со животната средина ги опфаќа следните генерални политики;

- Структура на управувањето на локацијата,
- Нивоа на одговорност во управувањето со животната средина
- Одговорност во работата на инсталираните системи
- Намалување и третман на загадувањата
- Обука и квалификација на вклучениот персонал
- Системи за одржување, системи за контрола на отпад,
- Системи за квалитет за контрола на фирмата.

**Изјава за управување со животната средина -** Со цел, управувањето со животната средина, да овозможи применување на системи и процедури за управување и контрола, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, ќе ги преземе следните активности:

- Согласно обврските од соответните прописи од сверата на животната средина, а со цел придржување кон законските норми, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, истите ги внесува во своите Програми и Организациони шеми на работа, што со други зборови значи дека, животната средина претставува дел од работата на сите вработени.
- Имајќи ја предвид законската регулатива од сверата на животната средина, а заради спроведување на политиката во управувањето со животната средина, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, ќе подготви цел систем на обврски кои што произлегуваат од таа легислатива.
- Преку воведување на нови технологии и оперативни процедури, при обавувањето на дејностите, ќе се постигне целта за минимизирање на ризикот, заштита на вработените и локалното население.
- Согласно ваквата поставеност, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе како оператор, ќе се залага да применува системи и процедури за управување со животната средина, кои ќе спречуваат дејствија кои претставуваат опасност за човековото здравје и животната средина.

**Изјава за политика за животната средина -** Главните постулати во реализацијата на целите на Политиката за животната средина, во МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА

ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе, кои истовремено се и целосно вградени во севкупните активности, ќе се базираат врз следните основи:

- При преземањето на активностите, и вршењето на дејностите, задолжително ќе се води сметка за рационалното и одржливо користење на природните богатства, без протоа да се загрозат правата на идните генерации, да ги задоволуваат сопствените потреби.
- Во рамките на активностите, МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе ќе промовира и ќе обезбедува подигнување на јавната свест за животната средина на своите вработени, за нејзиното значење, како и за потребата за активно учество во нејзината заштита и унапредување.
- Ќе се чуваат податоците за користење на суровини и енергија, за емисиите на загадувачките материи и супстанции, за видовите, карактеристиките и количествата на создадениот отпад, како и другите податоци, предвидени со Закон.
- Ќе се чуваат сите документи и податоци во врска со Барањето, издавањето, мониторингот, предвидени со условите во Интегрираната еколошка дозвола, и истите ќе се направат достапни по барање на надлежниот орган и инспектор.
- Редовно ќе се доставуваат податоци за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции, како и изготвување и одржување на Катастарот за животната средина.
-Ќе се спроведува Локалниот Еколошки Акционен План на општината, во делот на определената надлежност за спроведување на Планот.
-Ќе се обезбедува целосна асистенција на инспекторите кои ќе вршат инспекција на инсталацијата, ќе се обезбедува пристап до местата каде што ќе се земаат мостри, и до точките на мониторинг.
- За предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот за постапување во случај на хаварија, ќе бидат информирани лицата на кои би влијаела хаваријата, предизвикана од системот.
- За настаната хаварија, веднаш ќе биде известен надлежниот државен орган, и ќе му бидат доставени податоците кои се однесуваат на: околностите во кои се случила хаваријата, присутните опасни супстанции за време на, и после хаваријата; податоци за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина до кои дошло како резултат на хаваријата; преземените вонредни мерки.

**Изјава за политика за контрола и квалитет -** Политиката за контрола на квалитет има функционална вредност во рамките на вкупната политика во животната средина, на МЕСАРНИЦА КОМПАНИЈА ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ Мралино Илинден, Подружница СВИЊАРСКА ФАРМА АГРО ПЕТКОВСКИ с.Долно Црнилиште Свети Николе.

Таа се базира на задоволување на потребите и барањата на купувачите, примена и одржување на пазарната ориентираност, континуирано подобрување на системот за управување со квалитет, но и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Основните принципи за реализација на целите за политика за контрпла на квалитет, се следните:

- Нема да користи технологија, технолошка линија, производ, полупроизвод или суровина, која што не ги исполнува пропишаните норми за заштита на животната

средина, или кои се забранети во земјата производител и во земјата увозник.
- Во процесите на производството, прометот и постапувањето со отпадоците, ќе применува техники и технологии, со кои се овозможува помало оптеретување на животната средина.
- Нема да произведува, пушта во промет, и употребува; производи, полупроизводи, суровини, супстанции, и нема да врши активности и услуги, доколку со нив се загрозува животот и здравјето на луѓето и животната средина, или доколку не се исполнети пропишаните стандарди.
- Нема да врши производство, постапување и испуштање на загадувачки материи и супстанции во животната средина, освен на начин и под услови, пропишани со закон.
- Производите, полупроизводите и суровините, што ќе се пуштаат во промет, ќе имаат ознака на која што, во согласност со Закон, ќе биде означена можноста за загадување, или за можното штетно влијание врз животната средина.
- Заради остварување на довербата кај клиентите, која се базира на постојана грижа за квалитетот, ќе се почитуваат барањата на клиентите, како и избор на респектирани добавувачи, врз основа на нивната способност за исполнување на барањата за квалитет.
- Ќе се обезбедува постојан развој на фирмата, што од друга страна ќе обезбеди економичност и рентабилност во работењето, профитабилност на фирмата, квалитет на производите, здрава и чиста животна средина.
- Политиката за контрола на квалитет, ќе биде достапна за сите вработени кои се вклучени во развојот на фирмата, согласно нивната компетентност, знаење, обука и искуство, со што, во голема мера, истите, истовремено водат грижа за животната средина, и унапредувањето на незиниот квалитет.
- Истовремено, Политиката за контрола и квалитет, ќе биде достапна за јавноста, при што, секое незино мислење, ќе биде од голема корист за постигнување на потребниот квалитет.

Сите вработени имаат соодветни квалификации, искуство и обука за извршување на своите задачи и функции.

Целокупниот тек на процесот на производство е пропратен со техничко –технолошка опрема и документација, кое производството одговара на побарувачката на пазарот за продажба.

Одговорен за прашањата од аспект на животната средина и прашањето со барањето на Б-интегрираната дозвола одговорен е управителот - Дарко Петковски Координаторот за квалитет и животна средина во соработка со соодветните служби ја презема обврската да се грижи за одржавањето на стандардите согласно дефинираните законски барања и да доставува годишни извештаи за количините на отпад до надлежните во министерството за животна средина.

## IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

*Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓупроизводите.*

*Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба)*

**ОДГОВОР**

Како основни суровини, кои се употребуваат и користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно се:

Пченка,
Ќуспе,
Јачмен,
Тов 1,
Тов 2.

Во однос на начинот на исхрана, на фармата се применува автоматско хранење и рачно хранење, што зависи од категоријата на свињи, односно фазата на одгледување. Добиточната храна се добавува секој ден, поради што не може да се зборува за создавање или чување на залиха од храна. Во силосите за добиточна храна, лоцирани во непосредна близина на објектите за одгледување на свињи, во кои се врши прием на добиточната храна, обично се наоѓа залиха за 3 до 4 дена.
Добиточната храна се транспортира од Фабриката за добиточна храна до фармата за свињи со специјално.

**<u>Помошни материјали</u>** – Како основни помошни материјали, кои се употребуваат и користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови. Добиточната храна се набавува од Фабрика за добиточна храна, која се припрема од материјали кои не содржат опасни супстанции. Исхраната на свињите во услови кои се применуваат на фармата, е заснована врз следните ориентациони количини, комплетни смеси.

**<u>Вода</u>** – Водоснабдувањето со технолошка и санитарна вода во инсталацијата е обезбедена преку месната заедница на селото и ја корсти водата од водоводната мрежа с.Црнилиште, Свети Николе. Водата се користи за технолошки потреби, за перење на објектот и околината и хигиена.

Видот и количината на потрошните материјали е прикажана во Табелата

| Ред Бр. | Потрошен материјал | Единица мера | Вкупна количина на годишно ниво |
|---|---|---|---|
| 1 | Пченка | l/t | 182.500 |
| 2 | Ќуспе | l/t | 292.000 |
| 3 | Јачмен | l/t | 32.850 |
| 4 | Тов 1 | l/t | 10.950 |
| 5 | Тов 2 | l/t | 12.775 |
| 6 | Помошни материјали | l/t | / |
| 7 | Помошни средства | l/t | / |

Видот и количината на потрошните материјали е прикажана во Табелата

| Реф. Бр. или | Материја/ Супстанција(1) | CAS(4) Број | Категорија на опасност(2) | Моментално складирана количина (тони) | Годишна употреба (тони) | R и S фрази(3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |

Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.

1. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
2. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
3. Chemical Abstract Services

## V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

*Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).*

| ОДГОВОР |
| --- |

Во Инсталацијата за интезивно свињарство се создава воглавно тн. неопасен отпад, кој според одредбите од Законот за управување со отпад, се дефинира како:

-Комунален и комерцијален отпад што го создаваат вработените и Операторот
-Животински отпад (измет и урина од свињи),
-Мил од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи,
-Отпад од животинско ткиво (трупови на умрени свињи) и
-Отпад од пакувања (хартија, картон, пластика).

**Комунален и комерцијален отпад**

За постапување со комуналниот отпад, склучен е Договор со Јавно претпријатие кое ја зема обврската за редовно подигнување и транспортирање на отпадот.

**Животински отпад**

Во Инсталацијата за интезивно свињарство се создава животински измет (свинско ѓубриво), како производ на физиолошките активности на свињите, за време на нивниот престој во објектите за одгледување.

Свинското ѓубриво, преставува суспензија на животинскиот измет (фецес и урина) во вода и надворешните честички, кои обично се наоѓаат во објектите за одгледување на свињи (прашина, остатоци од храна, влакна и сл.), кое се нарекува течно ѓубриво.

Свинското ѓубриво се формира во објектите за одгледување на свињи, во каналите за изѓубрување, во кои екскрементите се мешаат со вода и како течно ѓубриво се исфрла од објектите. Водата во каналите за изѓубрување може да потекнува од претходно додадена вода, од поилките или од чистење на објектите.

За исфрлање (евакуација) на ѓубривото од објектите се применува системот на тн. течно изѓубрување со дисконтинуирано истекување на ѓубривото, што подразбира собирање на ѓубривото во каналите во текот на повеќе денови и негово повремено празнење преку преграда (клапна-засун), поставена на крајот од каналот.

